АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0202-658/3
15.09.2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 од Статутот на Црвениот крст на Република Македонија а согласно Правилникот за распределба на средства од надоместок при регистрација на возила и од цена на влезници за културно - забавни манифестации и спортски натпревари, Раководниот одбор на Црвен крст на РМ на својата седница одржана на 06.07.2019 година донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА РАБОТА НА ФОНД ЗА ПОДГОТВЕНОСТ И ОДГОВОР ПРИ КАТАСТРОФИ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува статусот и управувањето на Фондот за подготвеност и одговор при катастрофи на Црвен крст на Република Македонија (во натамошниот текст: Фондот), изворите на финансирање, намената на средствата и контролата на трошењето на средствата.

**Член 2**

Фондот нема својство на правно лице, а во правниот промет го застапува Генералниот секретар на Црвениот крст на Република Македонија.

**Член 3**

Фондот функционира како единствен Фонд за подготвеност и одговор при катастрофи во организацијата на Црвениот крст на Република Македонија со посебна жиро-сметка.

**Член 4**

Финансиско - материјалното работење на Фондот го врши Службата за финансии и ревизија во Стручната служба на Црвениот крст на Република Македонија.

## II. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО ФОНДОТ

**Член 5**

За работите поврзани со управување и раководење на Фондот задолжени се:

- Одговорното лице за подготвеност и одговор при катастрофи,
- Генералниот секретар на Црвен крст на Република Македонија (во натамошниот текст: Генерален секретар), и
- Раководниот одбор на Црвен крст на Република Македонија(во натамошниот текст: Раководен одбор).

**Член 6**

Одговорното лице за подготвеност и одговор при катастрофи:

- Подготвува годишен план за користење на средствата од фондот и го доставува до Генералниот секретар;
- Подготвува годишен извештај за работа на Фондот и го доставува до Генералниот секретар;
- Подготвува шест месечен и годишен извештај за искористени средства и го доставува до Генералниот секретар;
- Ги реализира активностите одобрени од Раководниот одбор и Генералниот секретар;
- Иницира пренамена на средствата, односно промена на процентуалниот износ за користење на средствата наведени во член 11 од овој Правилник до Генералниот секретар на одобрување.

**Член 7**

Генералниот секретар ја следи реализацијата на активностите за подготвеност и одговор при катастрофи.

Во случај на итни ситуации Генералниот секретар одлучува за преземање на активности и средства кои не надминуваат висина од 1.000.000,00 денари без вклучен ДДВ.

Генералниот секретар го известува Раководниот одбор за сите преземени активности и искористеност на средствата од став 2 од овој член.

Предлага пренамена на средствата, односно промена на процентуалниот износ за користење на средствата наведени во член 11 од овој Правилник до Раководниот одбор.

**Член 8**

Раководниот одбор:

- Донесува Одлука за отворање на посебна жиро-сметка на Фондот;
- Донесува Одлука за овластување на потписници на жиро-сметката на Фондот;
- Донесува годишен план за работа на Фондот;
- Донесува годишен финансиски план за работа на Фондот;
- Усвојува годишен извештај за работа на Фондот;
- Усвојува годишен финансиски извештај за работа на Фондот;
- Донесува Одлука за користење на средствата за конкретни активности согласно донесениот годишен и финансиски план за работа на Фондот;
- Донесува одлука пренамена на средствата односно промена на процентуалниот износ за користење на средствата наведени во член 11 од овој Правилник до Раководниот одбор;
- Ги разгледува одлуките за набавки и активности донесени од Генералниот секретар согласно член 7 став 2 од овој Правилник.

## III. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

**Член 9**

Фондот се финансира со средства согласно Правилникот за распределба на средства од надоместок при регистрација на возила и од цена на влезници за културно - забавни манифестации и спортски натпревари.

Фондот може да се финансира и од Владата на Република Северна Македонија, како и преку договори за соработка склучени со министерства и агенции, преку партнерска соработка со корпоративниот сектор, донации на правни и физички лица и различен вид на кампањи за прибирање на средства за опоравување на загрозено население од катастрофи и други извори.

## IV. НАМЕНА НА СРЕДСТВА

**Член 10**

Средствата од Фондот, Црвен крст на Република Македонија ги користи за подготвеност и одговор при катастрофи, кога се исполнети критериумите во Стандардните оперативни процедури на Црвен крст на Република Македонија.

Средствата на Фондот се наменети за:

- Обезбедување на стокови резерви и логистичка поддршка;
- Обезбедување итна хуманитарна помош, и логистичка поддршка;
- Ангажирање на единицата за одговор при катастрофи во земјата и странство во случај на катастрофа;
- Евакуација и сместување во случај на катастрофа;
- Осигурување на материјално технички средства и лица кои се ангажираат во случај на катастрофа;
- Зајакнување на капацитетите на единицата за одговор при катастрофи;
- Зајакнување на капацитетите на Оперативниот центар за одговор при катастрофи на Црвен крст на Република Македонија.

**Член 11**

Црвен крст на Република Македонија ги користи средствата на следниов начин:

- 60% од средствата на годишно ниво, се користат за стокови резерви и логистичка поддршка
- 30% од средствата се користат во итни ситуации за хуманитарна помош, логистичка поддршка, осигурување на материјално технички средства и лица, ангажирање на единицата за одговор при катастрофи во земјата и странство и евакуација и сместување во случај на катастрофа.
- 10% од средствата се користат за надградба на капацитетите на Единицата за одговор при катастрофи и оперативниот центар на Црвен крст на Република Македонија.

По исклучок, а во согласност со потребите и по предлог на Генералниот секретар, Раководниот одбор може да одлучи за пренамена на средствата

односно промена на процентуалниот износ за користење на средствата во тековната година наведени во став 1 на овој член од овој Правилник.

**Член 12**

Средствата кои не се искористени во тековната година за соодветната намена, се пренесуваат за користење во наредната година за намената за која се предвидени.

## V. КОНТРОЛА НА НАМЕНСКО ТРОШЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА

**Член 13**

Раководниот одбор има право :

- Да врши контрола на наменското трошење на одобрените средства во текот на реализација на активностите;
- Да донесе одлука за запирање на реализација на планот за користење на средствата, во случај на ненаменско искористување на истите;
- Да иницира постапка за утврдување на одговорност кон одговорното лице на корисникот на средствата, доколку утврди ненаменско искористување на средствата.

## VI. НАДЗОР

**Член 14**

Надзор над работата на Фондот врши Комисијата за надзор на наменско трошење на средства добиени по основ на Законот за Црвен крст и Фондовите формирана од Раководниот одбор, чија надлежност е уредена во Правилникот за распределба на средства од надоместок при регистрација на возила и од цена на влезници за културно - забавни манифестации и спортски натпревари.

Комисијата од ставот 1 на овој член врши надзор и врз трошењето на средствата собрани од различен вид на кампањи и повици за прибирање на средства за опоравување на загрозено население од катастрофи, како и за средствата донирани од физички лица доколку за истите не е склучен договор за намена на средствата.

За средствата кои се обезбедени од Владата на Република Македонија, министерства и агенции, преку партнерска соработка со корпоративниот сектор, донации на правни и физички лица и други извори, надзорот е предвиден во договорите за соработка што се склучува помеѓу Црвен крст на Република Македонија и наведените субјекти.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 15**

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат во иста постапка, како и при негово донесување.

**Член 16**

Овој Правилник стапува во сила со денот на донесувањето.

**Член 17**

Со донесување на овој Правилник престанува да важи Правилникот за фондот за итен одговор при катастрофи ( бр.02-1282/7 од 02.11.2016 година).

Претседател,
проф.д-р Ромел Велев